**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**
**За период Јануари - Март 2018 година**

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Март 2018 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2018 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Март 2018 година изнесуваат 1.884.989 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 3%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2017 година бележат пораст од 4%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Март 2018 година изнесуваат 2.518.853 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 4%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2017 година бележат пораст од 5%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Март 2018 година изнесуваат 1.653.635 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 3%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Март 2018 година изнесуваат 2.244.405 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 4%.

**Дивиденда**

На 2 април 2018 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2017 година во износ од 386.465 илјади денари односно 270 денари бруто за една акција. Нето дивиденда за 2017 година изнесува 243 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Март 2018 година изнесуваат 357.342 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 31.03.2018 година изнесуваат 557.242 илјади денари.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Март 2018 година во Алкалоид се реализирани 51 нови вработувања во Република Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Март 2018 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| Домашен пазар | 692.183 | 38 | 684.310 | 38 | 101 |
| Странски пазар | 1.153.447 | 62 | 1.097.011 | 62 | 105 |
| **Вкупно:** | **1.845.630** | **100** | **1.781.321** | **100** | **104** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| **Македонија** | **884.823** | **36** | **884.176** | **38** | **100** |
| Југоисточна Европа | 833.560 | 34 | 705.348 | 30 | 118 |
| Русија и други земји во ЗНД | 187.364 | 8 | 196.308 | 8 | 95 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 494.462 | 20 | 525.532 | 23 | 94 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 57.793 | 2 | 21.545 | 1 | 268 |
| **Вкупно странски пазари** | **1.573.179** | **64** | **1.448.733** | **62** | **109** |
| **Вкупно:** | **2.458.002** | **100** | **2.332.909** | **100** | **105** |

Од вкупните консолидирани продажби, 64% се остварени на странски пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во следните земји: Унгарија раст од 931%, Полска раст од 353%, САД раст од 175%, Украина раст од 123%, Косово раст од 38%, Чешка раст од 31%, Србија раст од 28% итн.

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| Антибиотици | 419.731 | 17 | 349.763 | 15 | 120 |
| ОТЦ препарати | 479.261 | 19 | 473.446 | 20 | 101 |
| Кардиолошки препарати | 398.862 | 16 | 397.611 | 17 | 100 |
| Невролошки препарати | 321.993 | 13 | 300.343 | 13 | 107 |
| Останати линии | 236.050 | 10 | 235.296 | 10 | 100 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **1.855.897** | **76** | **1.756.459** | **75** | **106** |
| Трговска стока | 215.522 | 9 | 215.152 | 9 | 100 |
| Услуги и останати приходи | 13.074 | 1 | 15.013 | 1 | 87 |
| **Вкупно Фармација** | **2.084.493** | **85** | **1.986.624** | **85** | **105** |
| **Вкупно Хемија** | **68.723** | **3** | **86.159** | **4** | **80** |
| **Вкупно Козметика** | **208.301** | **8** | **196.519** | **8** | **106** |
| **Вкупно Билкарство** | **96.485** | **4** | **63.607** | **3** | **152** |
| **Вкупно:** | **2.458.002** | **100** | **2.332.909** | **100** | **105** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 18/17 |
| Единечна ЕБИТДА | 365.029 | 20 | 342.090 | 19 | 107 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 414.008 | 17 | 389.087 | 17 | 106 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 18/17 |
| Единечна Нето добивка | 215.295 | 12 | 203.498 | 11 | 106 |
| Консолидирана Нето добивка | 246.801 | 10 | 231.180 | 10 | 107 |

Остварената единечна Нето добивка во 2018 година изнесува 215.295 илјади денари и во споредба со остварената во 2017 година бележи зголемување за 6%.

Остварената консолидирана Нето добивка во 2018 година изнесува 246.801 илјади денари и во споредба со остварената во 2017 година бележи зголемување за 7%.